Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 81, 1 јуни 2012 година

јуни 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле регулација и управување со технолошки процеси, наставно-научни области моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на дисконтинуирани и континуирани процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област геохемија на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област интегрирана електроника и електронски компоненти на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор во наставно-научната област славистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно - научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Анатомија 1 за студентите по стоматологија“ од проф. д-р Ѓорѓи Шуманов и проф. д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 39

**ИСПРАВКА** на техничка грешка ........ 40

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „АНАТОМИЈА 1 ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА“ ОД ПРОФ. Д-РЃОРЃИ ШУМАНОВ И ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЗИСОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, како и Одлуката број 2502-102/31 од редовната седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 2 февруари 2012 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Никола Камчев, редоведен професор на Факултет за медицински науки;
– проф д-р Никола Силјановски, редоведен професор на Факултет за медицински науки

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**АНАТОМИЈА 1 ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА**“ од од авторите проф. д-р Ѓорѓи Шуманов и насловен вонреден професор д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет при Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци**: ракописот ракопис „**АНАТОМИЈА 1 ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА**“ од авторите проф. д-р Ѓорѓи Шуманов и насловен вонр. проф. д-р Елизабета Зисовска е наменет за задолжителниот предмет Анатомија 1 за студентите од првиот циклус на студии на Факултетот за медицински науки, Студиска програма по стоматологија, кој според Наставната програма е предвиден да се слуша во првиот семестар. Неделниот фонд на часови изнесува 3+2+1 и носи 5 кредити. Приложениот ракопис е работен компјутерски, текстот е дополнет со повеќе слики кои на многу пластичен начин го дообјаснуваат и илустрираат материјалот поврзан со анатомската градба на здрав возрасен човек.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на теоретската и практичната реализација на Наставната програма.

**Обем на ракописот**: ракописот кој е приложен за рецензија е оформен на 214 страници, А4 формат, со фонт 12, работен е во Arial со македонска поддршка. Текстот е солидно обработен со јасни прикази на одделните органи и органски системи, со еден логичен редослед на објаснувањето. Внесени се 33 илустрации за дообјаснување на текстуалните описи. Обемот на ракописот потполно ги задоволува потребите на предметот за кој е наменет, бројот на часови со кој е застапен и соодветната Наставна програма. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Материјалот обработен во ракописот е презентиран на крајно концизен и едноставен начин и може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините. Ракописот е систематизиран и логички поделен на дванаесет дела (поглавја), кон кои како завршница е приложена користената литература и содржината. Овие дванаесет логични целини редоследно ја обработуваат наставната содржина по предметот Анатомија 1 за студентите од Студиската програма по стоматологија. Трудот е подготвен според стандардна метологија и обработува прашања кои се однесуваат на современите знаења во областа на систематската и топографската анатомија на човековото тело.

На почетокот, во ***Предговорот***, авторите на ракописот ја објасниле во кратки црти идејата за обработка на овој материјал, со логично поврзување со остатокот од наставната содржина на материјалот кој треба да се обработи во следниот семестар. Логиката на ваквата распределба е во согласност со потребите на студентите од оваа студиска програма.

Во ***Воведот во анатомијата - општ дел*** (4-7 страница) се објаснуваат основните поими во анатомијата како базична наука, со што им се овозможува на студентите уште од почетокот да ја совладаат терминологијата која е неопходна во текот на целото студирање и понатаму во секојдневната работа при формулирањето на дијагнозите кај пациентите. Дефинирани се и видовите на анатомии кои се изучуваат во текот на студирањето. Како дополнителна литература за секое од поглавјата се посочени и атласи по анатомија, што е од особена помош во текот на изучувањето на предметот Анатомија во двата семестра.

Во **поглавјето број 1 -** ***Топографска анатомија*** (7-24 страница) детално се опишуваат деловите на човечкото тело, нивните локализации и топографските соодноси. Овој дел од ракописот е клучен во водењето на вежбите со студентите и треба да им помогне во локализирањето на органите и нивните топографски соодноси. Систематски се опишани и органите како составни делови на органските системи и нивната функционална поврзаност.

**Поглавјето број 2** (24-92 страница) носи наслов ***Вовед во остеологијата*** и е еден од клучните делови кои даваат основа за изучување на коските во човековото тело, со сите нивни особености, составни делови, ориентација по страни, рабови и соодноси. Објаснети се видовите на коски, нивната распореденост и сооднос во човековото тело. Опишани се детално сите коски со посебен осврт на коските на главата и вратот, согласно со потребите на студентите, чие поле на работа е токму овој дел од човековото тело. Коските на главата се дообјаснети со 24 слики, кои придонесуваат полесно да се разбере текстуалното објаснување.

**Поглавјето број 3** (92-112 страница) е со наслов С***индезмологија.*** Тука се опишани меѓусебните врски и зглобови на претходно опишаните коски. Јасно и концизно се разјаснети сите поими во овој дел од анатомијата на човекот. Дополнето е со три слики, кои придонесуваат за полесно разбирање и изучување на зглобовите со посложена функција. Во текстот се опишани сите составни делови на зглобовите. За секој зглоб, покрај деталниот опис на зглобните површини, опишани се и сите можни движења и функционирањето во целина. Повторно е ставен акцент на зглобовите на главата и вратот што соодветствува со посебната намена на учебникот. Со ова поглавје се дополнува запознавањето на локомоторниот систем.

**Поглавјето број 4** (112-130 страница) е со наслов ***Миологија*** и тука се детално опишани мускулите на човечкото тело: нивната градба, поделба, локализација, распоред по групи, функција и соодноси со другите елементи на локомоторниот систем. Со овој дел се заокружува запознавањето со локомоторниот систем. Текстот е дообјаснет со две слики.

**Поглавјето број 5** (130-138 страница) е со наслов ***Респираторен систем.*** Во овој дел сликовито и логично распределен е материјалот кој го опишува респираторниот систем почнувајќи од носот и завршувајќи со најситните делови-алвеолите**.** Поврзана е и неговата функција во заемен соднос со другите системи. Презентирана е градбата и морфологијата на горните и долните дишни патишта. Оставен е простор за подетално проучување на респираторниот систем локализиран во главата и вратот за детално изучување во следниот семестар, во програмата по предметот Анатомија 2. Поглавјето завршува со опис на малиот (белодробниот) крвоток, како вовед во наредното поглавје каде што е презентиран кардиоваскуларниот систем и големиот крвоток.

**Поглавјето број 6** (138-169 страница) е со наслов К***ардиоваскуларен систем.*** Во ова поглавје се содржани две текстуални целини: опис на срцето како еден од најважните витални органи и ангиологијата (артериските, венските и лимфните садови). Срцето е опишано во детали, на ниво достапно за студентите од оваа студиска група, за да можат да ја разберат анатомијата, локализацијата и соодносите со другите соседни делови од човечкото тело. Презентирана е и неговата кинетика со цел да се разбере функцијата на срцето како пумпа која е двигател на сите останати органи и системи.

Ангиологијата е презентирана систематично, по логичен редослед според системи и локализација. Опишана е градбата на крвните и лимфните садови, јасно е акценитарана

разликата во нивната градба. Во натамошнипот текст се опишани и систематизирани крвните садови според локализацијата по системи.

**Поглавјето број** 7 (169-187 страница) е со наслов ***Дигестивен систем.*** Овде е опишана градбата на абдоминалниот ѕид, составот и топографијата на абдоминалната празнина, и секој орган поединечно како дел од гастроинтестиналниот систем.

**Поглавјето број 8** (187-195 страница) е со наслов ***Уринарни патишта.*** Во овој дел презентирана е анатомската градба на уринарниот систем, почнувајќи од проксималниот дел (бубрезите) и завршувајќи со најдисталниот дел, изводните уринарни патишта. Опишана е градбата на секој орган кој припаѓа на овој систем. Презентираниот текст е јасен и во обем сосема доволен за студентите од оваа студиска програма.

**Поглавјето број 9** (195-205 страница) е со наслов ***Полови органи.*** Опишани се половите органи кај човекот, со јасна диференцијација според полот. Презентирани се според поделбата на внатрешни и надворешни полови органи, и потенцирана е разликата во градбата и функцијата на истите. Со ваков редослед на текстот се комплетира сликата за анатомијата на човечкото тело како целина.

**Поглавјето број 10** (205-210 страница) е со наслов ***Жлезди со внатрешно лачење*** (**Ендокрин систем*),*** каде што се само набројани и накратко опишани жлездите со внатрешно лачење, нивната анатомска градба и меѓусебен сооднос. Тоа ќе им помогне на студентите во понатамошното изучување на функцијата на овие органи во склоп на целото тело.

**Поглавјето број 11** (210-213 страница) е со наслов ***Неврологија.*** Ова важно поглавје го опфаќа описот на нервниот систем, неговата основна единка невронот, анатомската градба и поделба на нервниот систем на централен и периферен, како и нивната градба и локализација. Најавени се главните елементи кои треба да ја појаснат нивната функција во склоп на градбата и функцијата на целото тело, оставајќи простор за детално изучување на овој материјал во склоп на предметот Анатомија 2. Опишан е подетално рефлексниот лак кој е важен како во анатомијата, така и во физиологијата и неврологијата.

**Поглавјето број 12** (213-214 страница) е со наслов ***Сетилни органи*** кои се само наброени, со цел да се заокружи анатомијата на целокупното човечко тело, а овие делови детално да се изучуваат во наредниот семестар во предметот Анатомија 2.

На овој начин, во текот на првиот семестар од првата учебна година студентот од студиската програма по Анатомиај 1 ќе добие јасна глобална слика на целото човечко тело, со можност за подетално изучување на најпотребните елементи на главата и вратот во тек на предметот Анатомија 2 за кој има достапна литертаура во поширок обем.

По презентираниот материјал следи деталната ***Содржина*** на ракописот која е уредно презентирана, со јасно и логично обележување на поглавјата со наслови, а одделните делови во склоп на поглавјата како поднаслови на обработената содржина. Страните обележани во делот Содржина соодветствуваат на обележувањата во ракописот.

Литературата е наведена на крајот од ракописот, што овозможува на читателот (студентот) да ги прошири своите знаења. Базичната литература се состои од повеќе цитирани книги, атласи и учебници коишто претставуваат извор на информации кои се сублимирани во предложениот материјал на овој ракопис.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доставениот ракопис несомнено има добар наставен пристап кон проблематиката која ја обработува, и врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за обемен и квалитетен труд кој е од посебен интерес за едукација од областа на човечката анатомија. Совладаната содржина има потенцијал да ги подготви студентите за понатамошното изучување на останатите претклинички и клинички дисциплини.

Трудот е работен според Наставната програма по **стоматологија,** комплетно и стручно е оформен и дава придонес во стручната литература со што реално се потенцираат очекувањата дека ќе одговори на својата намена. Досега не е објавен учебник со иста или слична содржина на Факултетот за медицински науки во Штип, ниту на другите медицински

факултети во Република Македонија. Токму тоа ја поставува реалната потреба од еден сеопфатен учебник за овој предмет.

Ракописот во целост ги задоволува критериумите за учебник по задолжителниот предмет Анатомија 1 за студентите од Студиската програма по стоматологија. Работен е според Наставната програма за споменатиот предмет, а воедно ги задоволува и условите од одредбите во правилникот за издавање на учебници пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Врз таа основа, Рецензентската комисија го препорачува за издавање како учебник ракописот „АНАТОМИЈА 1 ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО СТОМАТОЛОГИЈА" од авторите проф. д-р Ѓорѓи Шуманов и проф. д-р Елизабета Зисовска, наменет за студентите на прввиот циклус студии при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Штип, април 2012 год.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Камчев, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Никола Силјановски, редовен професор, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Ред. број | Единица на Универзитетот<br>Наслов на тема | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|
| **Факултет за образовни науки** | | | |
| Магистерски трудови | | | |
| 1 | Дидактичкот дизајн на наставниот час по германски јазик и говорните компетенции кај учениците во основно училиште | Проф. д-р Снежана Мирасчиева | Катерина Русеска |
| 2 | Појава на насилно однесување кај учениците од 10 до 14-годишна возраст, превенција и рано откривање | Проф. д-р Кирил Цацков | Ксенија Николова |
| 3 | Современиот пристап во превенцијата кај воспитно запуштените деца во ОУ | Проф. д-р Снежана Мирасчиева | Марија Стоименова |
| 4 | Современиот образовен менаџмент, основа за успешно функционирање на образовните институции | Проф. д-р Владо Петровски | Виолета Арсовска |
| 5 | Дидктичкиот дизајн на наставниот час по германски јазик и говорните компетенции кај учениците во основно училиште | Проф. д-р Снежана Мирасчиева | Катерина Русеска |
| Специјалистички трудови | | | |
| 1 | Проверување и оценување на учениците во наставата по етика на религиите | Проф. д-р Снежана Мирасчиева | Нуран Лимани |

## ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА

Се врши исправка на техничка грешка на реферат за избор на асистент, објавен во Универзитетски билтен бр. 80, на страница 15, наместо насловот: **Реферат за избор на асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**, треба да стои наслов: **Реферат за избор на асистент за научната област токсиколошка хемија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**.

На страница 15, во пасус еден, наместо „за научното подрачје фармација“ треба да стои „за научната област токсиколошка хемија“.

На страница 15, во пасус три, наместо „научното подрачје фармација“ треба да стои „научната област токсиколошка хемија“.

На страница 18, во пасус шест, наместо „во звање асистент за научното подрачје фармација“ треба да стои „научната област токсиколошка хемија“.